Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
MINISTRIA E KULTURËS
Бр.-Nr. 03 - 963/1
26.01.2022 год.-viti
Скопје-Shkup

Архивски знак:
Рок на чување: год.
20 год.
Потпис,

Согласно член 36 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл. весник на Р.С.М. бр.101/2019)
Министерство за култура
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61,
Телефон: (02) 3240-555,
Електронска пошта :info@kultura.gov.mk
-службено лице за посредување со информации од јавен карактер – Ана Кардула, го подготви следниот

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**(од 1.01.2021 до 31.12.2021)**

1.Податоци за службените лица определени за посредување со информации кај имателите на информации;

- ЕленаНиколовска, електронска пошта elena.nikolovska@kultura.gov.mk, тел.02 3240-572
- Ана Кардула, електронска пошта ana.kardula@kultura.gov.mk, тел. 02 3240-644

2. Број на примени барања - 118

3. Број на позитивно одговорени барања 115

Во вкупниот број на позитивно одговорени барања се сметани и 4 барања кои согласно член 18 од Законот за слободен пристап до информаци од јавен карактер беа препратени на надлежност до други институции, а барателите на информациите беа соодветно известени.

Исто така **2 барања се делумно прифатени**

- Едното поради преобемност на документација (еден дел само) која беше побарана да се испрати во електронска форма - делумно се прифати, односно беше одговорено дека Министерството за култура нема технички можности да достави толку обемна документација по електронски пат. Во таа насока беа повикани овластени лица да дојдат во Министерството за култура и да извршат физички увид врз документацијата;

-Второто барање беше делумно прифатено бидејќи информациите беа побарани да се достават на македонски и на албански јазик. Министерството за култура достави информации само на македонски јазик, а на албански јазик не достави, бидејќи Министерството нема доволно преведувачки капацитети.

4. Број на одбиени и отфрлени барања со наведување на причините за секое одбиено или отфрлено барање – **Одбиено е 1 (едно) барање** од причина што беше побаран нацрт-документ на меѓународна организација која го немаше во тоа време објавено и за кој документ добивме коресподенција дека се смета за внатрешен документ кој не треба јавно да се споделува

5. Број на неодговорени барања - 2 во тек е жалбена постапка

6. Број на вложени жалби против првостепени одлуки (решенија на имателите на информации, со опис на одлуката, како и со наведување на причините за донесената одлука во случај на повторно одбивање на бараната информација) - 7

7. Број на усвоени жалби со одлука на Агенцијата - 4

8. Број на преиначени првостепени одлуки по постапување на Агенцијата /////

9. Број на одбиени жалби од Агенцијата и причини за нивно одбивање - 3

10. Број на отфрлени жалби од Агенцијата и причини за нивно отфрлање //////

**Жалба бр. 08-587 од 09.08.2021** изјавена од страна на лицето Ели Аиноска од Охрид против Министерството за култура до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Агенцијата со допис бр. 08-587 од 09.08.2021 ја препрати жалбата до Министерството за култура заведена под наш арх.бр.УП1 03-130 од 19.08.2021 година. Жалбата е изјавена поради ненавремен одговор во законски предвидениот рок од страна на Министерството за култура по Барањето на лицето Ели Аиноска во кое таа наведува дека е незадоволна од добиениот одговор на Министерството за култура и бара да се докомплетираат одговорите наведени во барањето. Имателот на информации не одговорил на повторното барање поради што Агенцијата согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер **ја уважи жалбата**, Решението на Имателот на информации го поништи и предметот го врати на повторно постапување пред првостепениот орган од причина што имателот на информации не постапил согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Барањето по кое е упатена жалбата е прифатено од страна на Министерството за култура и донесено е Решение за посредување по поднесено барање за слободен пристап до информации од јавен карактер бр. УП1 03-130 од 13.09.2022 година.

На ден 28.09.2021 година лицето Ели Аиноска до Агенцијата достави втора жалба против Решението на Министерството за култура УП1 03-130 од 13.09.2021 година, заведена во архивата на Агенцијата под бр.08-587.

Агенцијата со допис бр.08-587 од 29.09.2021 година ја препрати жалбата до Министерството за култура со задолжување да се постапи согласно член 18 од Законот за слободен пристап до инфорамации од јавен карактер, а Решението бр.УП1 03-130 од 13.09.2021 година на Министерството за култура го поништи и ја уважи жалбата.

Барањето по кое е упатена жалбата е прифатено од страна на Министерството за култура и донесено е Решение за посредување по поднесено барање за слободен пристап до информации од јавен карактер бр. УП1 03-130 од 21.10.2021 година

**Жалба бр. 08-623 од 03.09.2021** изјавена од страна на Граѓанската иницијатива Охрид СОС против Комисијата за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Агенцијата со допис бр. 08-623 од 06.09.2021 година ја препрати жалбата до Министерството за култура заведена под наш арх.бр. УП1 03-256 од 28.09.2021 година и побара од имателот на информации во рок од 7 дена да се произнесе по истата.

Имателот на информации на ден 13.09.2021 година по електронски пат до Агенцијата доставил известување во кое стои дека по однос на предметната жалба изјавена од Граѓанската иницијатива Охрид СОС против Комисијата за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион е постапено и донесено е Решение УП1 03-256 од 13.09.2021 година.

Агенцијата согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер по разгледување на жалбата и останатите списи во предметот утврди дека имателот на информации постапил согласно доредбите од Законот и истата **ја одби** како неоснована.

**Жалба бр.08-622 од 03.09.2021 година** изјавена од страна на Граѓанската иницијатива Охрид СОС против Министерството за култура до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Агенцијата со допис бр. 08-622 од 06.09.2021 година ја препрати жалбата до Министерството за култура заведена под наш арх.бр. УП1 03-260 од 28.09.2021 година и побара од имателот на информации во рок од 7 дена да се произнесе по истата.

Имателот на информации на ден 16.09.2021 година по електронски пат до Агенцијата доставил известување во кое стои дека по однос на предметната жалба изјавена од Граѓанската иницијатива Охрид СОС против Министерството за култура е постапено и донесено е Решение УП1 03-260 од 16.09.2021 година.

Агенцијата согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер по разгледување на жалбата и останатите списи во предметот утврди дека имателот на информации постапил согласно доредбите од Законот и истата **ја одби** како неоснована.

Незадоволен од добиениот одговор на Министерството за култура, барателот на ден 16.09.2021 година, согласно член 24 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер поднел повторно барање со кое ја побарал истата информација со укажување дека предходно дадениот одговор е незадоволителен.

Со оглед на тоа што Министерството за култура не одговорило на повторното барање во законски утврдениот рок, барателот поднел **жалба** до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер заведена под број **08-717**.

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер постапувајќи по жалбата изјавена од страна на Граѓанската иницијатива Охрид СОС, поднесена против Министерството за култура по основ на поднесено барање за пристап до информации од јавен карактер, донесе Решение бр.08-717 од 18.10.2021 година со кое **ја уважи жалбата** и му наложи на имателот на информацијата да постапи по барањето на барателот, согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер како и истото да го спроведе во рок од 15 дена од денот на неговиот прием и за истото да ја извести Агенцијата.

Министерството за култура постапувајќи согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер донесе Решение за посредување по поднесено барање за слободен пристап до информации од јавен карактер бр.УП1 03-260 од 27.10.2021 година, со кое на барателот на информацијата му даде дополнување на одговорот согласно барањето за пристап до информации од јавен карактер и за истото ја извести Агенцијата.

**Жалба бр. 08-1 од 10.01.2022** изјавена од страна на лицето Манчо Манчев од Кавадарци против Министерството за култура до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Агенцијата со допис бр. 08-1 од 03.01.2022 година ја препрати жалбата до Министерството за култура заведена под наш арх.бр. УП1 03-321/2021 од 24.01.2022 година и побара од имателот на информации во рок од 7 дена да се произнесе по истата.

Имателот на информации до Агенцијата достави известување за произнесување по жалба УП1 бр.03-321/2021 од 04.01.2022 кое е заведено во Агенцијата под арх.бр.08-1 од 10.01.2022 година во кое стои дека по истото барање постапено е во законски утврдениот рок од 20 дена, донесено е Решение за посредување по поднесено барање за слободен пристап до информации од јавен карактер УП1 бр.03-321 од 10.12.2021 година и истото е испратено по пошта до барателот на информацијата.

Под претпоставка дека барателот на информацијата не го подигнал адресираниот коверт, истиот е вратен назад во Министерството за култура и Решението е повторно адресирано и препратено до барателот на информацијата.

Согласно горенаведеното во прилог е доставено Решение за посредување по поднесено барање за слободен пристап до информации од јавен карактер УП1 бр. 03-321 од 10.122021 година и вратениот адресиран коверт (во копија).

Агенцијата согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер по разгледување на жалбата и останатите списи во предметот утврди дека имателот на информации постапил согласно доредбите од Законот и **жалбата ја одби** како неоснована, а Решението на имателот на информации го потврди.

**Жалба бр. 08-3 од 11.01.2022** изјавена од страна на Граѓанската иницијатива Охрид СОС против Министерството за култура до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Агенцијата со допис бр. 08-3 од 12.01.2022 година ја препрати жалбата до Министерството за култура заведена под наш арх.бр. УП1 03-404/2021 од 25.01.2022 година и побара од имателот на информации во рок од 7 дена да се произнесе по истата.

Имателот на информации на ова барање не одговори во законски предвидениот рок при што Агенцијата утврди дека истиот не постапил согласно одредбите од Законот за слободен

пристап до информации од јавен карактер, **ја уважи жалбата** и му наложи на Имателот на информации да постапи по барањето на барателот.

Во тек е изработка на Решение за доставување на одговор од страна на Имателот на информации.

**Жалба** изјавена од страна на лицето Ели Аиноска од Охрид против Министерството за култура до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер. Согласно член 107 став 1 од Законот за општата управна постапка, Агенцијата во прилог ја достави предметната Жалба, со целокупниот пропратен материјал, со цел во рок од 7 дена од денот на приемот имателот да се произнесе по истата и да ја достави целокупната документација со која располa, а е во врска со предметната жалба.

Во тек е изработка на Решение за доставување на одговор од страна на Имателот на информации.

Овој Извештај е напишан врз основа на податоци дадени од страна на двете службени лица за посредување со информации од јавен карактер Ана Кардула и Елена Николовсска.

Скопје, 26.01.2022 г.

МИНИСТЕР
Бисера Костадиновска - Стојчевска

Подготвил: Ана Кардула, службено лице